# За секого по нешто за некого ништо

Бранко Прља

второ издание

Goten publishing



Бранко Прља

# За секого по нешто, за некого ништо

ВТОРО ИЗДАНИЕ

ГОТЕН
Скопје 2011

**Минато, а не мина**
Балот мал, голем алал 8
Наполеон мал, а успеал 9
Безбојно обојување 10
Ако сакаш да си цар, а не говедар 11
Стар другар 12

**Простор-време, човечко бреме**
Чекор и не стој 14
Време што дреме 15
Мистерија, кружење и материја 16
Струјно оро 17
Измига мин 18
Како од еден настана нула 19
24 секунди 20

**Басни, од кои некои поучни**
Петелчето што пелтечело 22
Излечениот петел и едно куче 23
Една слика во неприлика 24
Кап! И пак. 25
Кој на друг дупка копа… дупка станува 26
Точка што талка 28
Пацифистичка пушка 29
Пацифистичка пушка, втор дел 30
Мав? 31

**Поема на тема**
*Време - ӣодишно*
Есен: Едначење по звучност / Танцот на ветрот 34
Зима: Поема во зима / Маката на глувчето 35
Пролет: Васил над книга... / Случка со еден пар во парк 36
Лето: Случка во ноќта / Гад од град 37
*Месӣо - ӣрад*: Парк / Улица 38

**Некои луѓе, измислени или не?**
Прим-пра-та-прам-там-та-ам... Прррр... 42
Три.ги.там.пи.го 43
Па?! 44
Како еден човек се прокоцка 45
Антипод 46
Човек со неодлучна боја 47
Антиприказна 48
Неприказна 49

**Судбини слични, а личности различни**
Како на Данил животот му се замрсил 52
Кој чиј нос носи 53
Во сон нема бонтон 54
Јади, пиј, убаво спиј 55
Горостасниот Горан 56
Владо, што сакал чоколадо 57
Како Светко стана Мирко 58
Еден Јан 59
Најдо белјата го снајде 60

# Мина-
# то,
# а
# не
# мина



# Балот мал, голем алал

Си бил еден бал, голем, а мал. Дошол таму еден голем крал и си седнал. Другиот крал, домаќин на тој бал, го погледнал. Му пришол и го прашал: - Вие сте голем крал, а јас мал, што ве носи на овој бал? Големиот крал одговорил: - Моето кралство големо е, но, за мене мало е. Тажен сум јас, иако голем како бедем, беден се чувствувам ептен.

- Зошто кралу мил, толку си се натажил? - го прашал кралот мал.

- Синот го изгубив, без наследник останав. Сега сум сам, како дрво без гранки патам. Така дојдов тука, за да се расположам. И гледам, очи плакнам, но никако не разбирам како сите весели, а таков бал мал? - одговорил големиот крал.

Кралот мал се насмевнал и рекол: - Среќни сме ние, зашто мали сме и иднината не ја знаеме, можеби утре нема да постоиме, но за неа не мислиме. Корењата ни ги исекоа, стеблата избушија, гранките ни исушија, а листовите одамна паднаа. Знаеме дека повеќе од тоа не можеме да изгубиме. Затоа се веселиме и играме, наместо да плачеме и жалиме. Утре, можеби нема да постоиме и тоа го прифаќаме. Затоа нашиот бал е мал, а голем алал.

# Наполеон мал, а успеал

Си бил еден друг крал, голем, а мал, Наполеон што се викал. Никого не сакал, Жозефина сал и по некој од него помал. Викаат дека не спал, едвај три саати дал'. Пет работи наеднаш правел и не се заморувал. Ако те погледнел, веднаш те вкочанувал, тој Наполеон мал. Се наоружувал, војувал и постојано думал како страв во коскитe да им внесе на другите. И успеал!

# Безбојно обојување

Си беше една зелена земја. Таму беше зелено сè, па дури и самите луѓе. Но, наеднаш нешто се смени, што сите ги промени.

Еден ден облаци небото го покрија и толку страшно загрме што дури и сонцето занеме. Темница ја покри земјата, а зелените луѓе од страв премреа. „Како ќе живееме без сонце?“ се прашуваа.

Тогаш се појави безбојниот човек кој ги научи како да опстанат без сонце. И навистина така беше, дури ни темницата веќе не им пречеше. Дожд секој ден истураше, а татнеж небото го параше, но никој веќе тоа не го забележуваше.

Така зелените луѓе боја почнаа да губат и еден по еден проѕирни да стануваат. Никој никого не гледаше, но ни битно не им беше, зашто секој својот пат пред себе си го врвеше. И така секој човек стана осамен, во својот облак безбоен. Само кога спијат, зелено сонуваат.

# Ако сакаш да си цар, а не говедар

Се случи тоа вака. Една вечер некој на врата ми заѕвони и рече, без да се претстави:

Избери знаме, господ, лик, сега е вистински миг.

Избери страна, избери толпа, моќ без маана.

Избери јазик, уста, очи, уши, лик за восхитување.

Избери педигре, крв, ген, шифра на препознавање.

Избери земја, град, улица, куќа, соба твоја.

Избери, да се избере мора, зашто без избор си како без скапа кола.

- Јас избирам врата да ти затворам! - Му кажав и така направив. Што ќе ми е скапа кола да имам, па за поправки скапо да плаќам?

# Стар другар

Го сретнав еден ден Адно, другар од основно. Многу работи се сменија, а сепак исти останаа. Тој е сеуште Адно, а јас... само јас.

- Не, сменето е многу! Конотација, религија, култура и навика! Не заборавај кој си, од каде си! Дистинкцијата еве ти ја: има православни и криводславни, муслимани и муслифоби - би кажал некој, како да се работи за микроби или механички творби, растителни родови и кодови!

- По ѓаволите со тој некој!

# Простор-време, човечко бреме



# Чекор и не стој

Си беше движење, но не беше без постоење, а кое од нив прво настана, не нѐ засега. Битно беше и едното и другото, па настана времето, кое всушност пред двете беше, но од двете зависеше.

Како и да е, трите тргнаа на пат, па кога се заморија, да се одморат решија. Прво движењето застана, кога времето од болка викна: - Нешто внатре ме стега, како да ме нема!

- И мене! Движење, жити сѐ, помрдни се! - Така и направи тоа, а постоењето, превртливо по природа, искористи, па седна, но кога другите две од болка се превиткаа, веднаш стана. Времето не ни помисли да експериментира, па предложи да продолжат, додека можат.

И така продолжија. Нека одат. Само да не се заморат!

# Време што дреме

Си била една соба, а во неа софа, на неа кофа, а во неа вода. Водата мирувала, но бидејќи собата се движела и водата се мрдала. Еден човек над кофата се наведнал да се огледа во водата, но зашто сѐ се тресело, нему му се слошило, па од собата истрчал и надвор се нашол.

А, таму ништо не се движело, сѐ мирувало, освен собата, која наоколу кружела, туку-така се мрдала. Човекот се загрижил, па се замислил. - Тука има скриено значење! Времето мора да е движење! – наеднаш викнал, па зачекорил и утре бил, потрчал и задутре станал. Потоа од радост рипнал, но само паднал. – Не чини вака – помислил, па си рекол: - Не, движењето е време! - па застанал и се смрзнал.

Од тогаш се раскажува за еден простор и во него човек, во тој човек простор, а во просторот тек. - Каков тек? - се запрашал читателот, но слушнал само одек.

# Мистерија, кружење и материја

Работата стои вака: Се шетав еден ден низ паркот и стигнав така до кејот. Кога се заморив, до Вардар си седнав, туку ми засмрде нешто, кога гледам, гомно плива вешто.

- Ебате природа, дома ќе си одам, да! Таму ако такво плива, лесно се измива, пушти вода, и тоа. Ама, каде потоа? - Дума тешка ме опседна, но одговор нема. - Тоа да се испита треба! - Водовод и канализација свртев, па си прашав. Овие се чудат, ме направија лудак. Клик! Ми спуштија во миг. - Ни тие не знаат, само се прават! - заклучив, но мистеријата не ја разрешив.

- Можеби перспектива да сменам и наместо шолјата како крај на црево да ја гледам, цревото како издолжена дупка да го видам и така белким крајот ќе го здогледам!? – и таман да се сетам, кога едно друго црево ме стегна, па на шолја ме седна.

И така седам и ми се чини цевка сѐ, па и секое битие, а и за вселената викаат дека од некои жици е создадена, што се црева, сепак, а јас во збунетост, пак.

Но, едно е јасно: Кога ќе те стегне какање, не те прашува прашање. Јасно си кажува и гласно докажува!

# Струјно оро

Еден човек си кажал:

- Ќе смислам нешто што никој пред мене не го смислил! -

Мислел и топка измислил, но му кажале дека веќе пронајдена била. Смислил и сто други работи, но испаднало исто. Така човекот се разочарал и паднал во кома.

Долго време минало, но за човекот како сè да стоело, зашто тој ниту спиел, ниту бил буден, туку во чуден свет живеел. Во тој свет било исто сè, освен часовниците, кои времето не го мереле, туку го делеле, па го множеле и собирале и на крај нула добивале. Кога од кома се разбудил на луѓето им кажал:

- Светот мора да дознае! Времето не постои, не! Часовникот во празно чука, времето е само дупка! -

Тие не му поверувале, туку го осудиле на електричен стол, но за среќа, тогаш струјата уште не била измислена.

- Ете што ќе измислам! – Човекот така си кажал и веднаш за работа се фатил, па струјата ја измислил.

И така сам си пресудил.

# Измига мин

Се случи тоа вака, да, тоа беше така, зашто не беше онака, а беше токму вака:

- Бројка на сеќавање. Количество меморија. Квантитет претстави. Интензитет доживување. Форми соништа. Боја миризби. Глас слуша. Би-бип. Сли-слик. Ци-цив. Како здив, еден миг, па измина - а после не беше така, зашто беше инаку.

# Како од еден настана нула

Нула не беше во почетокот, туку беше еден, а потоа настана нула.

1 Настана Еден и така би еден.

11 И настана еден друг и така би два,
но како еден и еден.

111 И настана еден и друг, три така би,
но како еден и еден што е два.

1111 И настана еден и еден друг и еден и
друг и шест така би, но како еден,
еден што е, и два што е, и три што е.

10 И се наредија сите еден до друг
во круг, и така би еден и би нула.

# 24 Секунди

Саатот чукна.

Вечност допре. Времето пукна.

Саатот сопре. Саатот чукна.

Иднина бликна. Мигот штукна.

Саатот чукна. Саатот чукна.

Сегашно рипна. Минато сликна.

Саатот чукна.

# Басни, од кои некои поучни



# Петелчето што пелтечело

Во едно село еден мал петел викал, но гласот му рипал. Сонцето се збунило, изгреало, па зашло и така неколку пати, додека не му се слошило и веќе не изгреало. Луѓето од селото се загрижиле, на логопед петелот го пратиле, но кога тој ништо не направил, на психијатар го упатил. Таму петелчето дознало дека доволно самодоверба немало и затоа се срамело.

Многу време минало, додека еден ден петелчето не си кажало: - Јас можам! - и запеало без срам, како никогаш дотогаш.

А, дали се дознало зошто тоа се срамело? Што е битно, кога сонцето повторно изгреало!

# Излечениот петел и едно куче

**Петелот:** Кукурикууу!

**Кучето** (гледајќи го петелот одоздола, качен на ограда): Што врескаш бе, петелче!

**Петелот** (одозгора-надолу): Денот го најавувам, Сонцето го пречекувам. Не врескам, ниту викам на секој, како некој!

**Кучето** (збунето, потоа одлучно): Јас куќа чувам, од мерак или досада не лајам!

**Петелот** (цинично): Не личи на крадец секој човек, а сите ги прати твојот ек.

**Кучето:** Личи, можеби не, но, потенцијално е!

**Петелот:** Кај мене нема можност, туку сигурност! Сонцето ќе изгрее знам, па затоа крескам.

**Кучето:** А, што ако не изгрее?

Кога тоа го чу, петелот се замисли, па се исплаши и цела ноќ не затвори очи, а насабајле запелтечи. Сонцето, кога тоа го чу, си направи лак и зад рид се скри. Одиме пак!

# Една слика во неприлика

**Слика Прилика:** Што има ново?

**Слика Неприлика:** Во неприлика сум.

**Слика Прилика:** Како така?

**Слика Неприлика:** Така, се гледав и гледав, па се заљубив во својата слика.

**Слика Прилика:** Што има тука неприлично?

**Слика Неприлика:** Има, како нема, сѐ тука не приличи.

**Слика Прилика:** Еве и мене тоа ми се случи, па не ми пречи.

**Слика Неприлика:** Како така?

**Слика Прилика:** Така, баш ми приличи.

**Слика Неприлика:** Мене па баш не ми личи.

# Кап! И пак.

Си била една капка, што имала страв од капнување.

Еден ден си кажала: - Да не се капне треба, да не се биде капнувачки миг. Да се биде стоик, стабилен лик, а не само променлив облик! - Додека така си размислувала, од возбуда се напрегнала, па ненадејно се откачила и надолу тргнала. Вреснала и од под се расплеснала. Кога се свестила, веќе испарила и пак капка станала.

- Какво чудо! Какво патување лудо! Сакам пак! - викнала и кап!

# Кој на друг дупка копа...

Си била една бројка поразлична од другите. Сите напред-назад оделе и имале форма интересна, само таа во место стоела и била сосема обична.

- Ти си празна како дупка, немаш дури ни кука за да се фатиш, туку само се клатиш! - ѝ кажала деветката, а осмицата додала: - Немаш ни половина, твоето тело е како маана! – па се насмеала, на што седмицата довикнала: - Ни остар агол има нејзината глава, не само без става, туку и без став е таа. - а петката од смеа пукнала: - Ни кривина што некаде завршува, туку само кружи, без почеток ил’ причина! - Шестката молчела, зашто деветката веќе сè кажала, четворката се сложила со седмицата, а и тројката премолчела, осмицата да не ја прогласи за своја половина. Двојката цврсто на земја стоела и си мислела: - И кривина и агол имам, што ќе се расправам!? - но затоа единицата за сите кажала: - Јас сум прва, зашто од мене сè почнува, а таа одвај стои, па може и да не постои!

## ... дупка станува

И така сите бројки се множеле, делеле, одземале, собирале, па се смееле, а неа никој не ја гушка, секој од себе само ја бутка.

– Буткај, буткај! – кажала таа, ги погледнала и наеднаш: рипна, скокна и сите под нога ги стави, па друштво право си доби. - Ете ви на!

# Точка што талка

Еден ден во светот на топките настана една точка. Си живееше таа во својата топчеста куќичка и никаде не излегуваше, зашто од своите димензии се срамеше.

Беше сончев ден, кога таа преку прозорец гледајќи во светлата топка на небото, помисли: Светот е топка, а јас точка. Ме сметаат за нешто небитно, небаре заразно ил' валкано, како да сум вирус ил' мочка! Но, не е така! Од што настанал светот? Од точка! Токму така! Доста ми е веќ е да бидам нема. Од сега ќе бидам гласна фонема! Така ќ е биде, и точка!

Тоа точката го помисли, па од дома излезе и во светот се упати, да докаже дека вреди. И од тогаш талка. И ако добро погледнеш ќе ја видиш насекаде. Погледни. Ете ја, сега!

# Пацифистичка пушка

Си била една пушка што презирала барут. Не сакала да пука, за да не се валка.

Војникот в рака ја зема, а таа се прозева, демек ја фати дремка. Тој се нервира, таа проклета пушка го иритира. Кај водникот тој се упати, па му се пожали. Овој пушката ја погледна, па заклучи: - Случај веќе виден, ама лек тука нема ниеден, здрава и права, но да пука нема пушката оваа. Фрли ја на отпад, де, зашто нема друго чаре!

# Пацифистичка пушка, втор дел

Ете ја сега пушката наша, на воен отпад дреме. - Барем не сеам зло семе! Барем не ставам крај на нечие време! - Тоа М40 вика, пред насобрана од оружје публика, па и нашата пушка се смести и очи в него впери.

- Не може веќе така, не, средство на злото нема да бидеме! Ќе се бориме, ѓаволот да го уништиме. Но, како!? Послушност да се откаже доволно не е. Треба оган да се плука, за каузата да се прекине молк, да се пука! Додека човек има, мир ќе нема. А, кога него ќе го снема, за нас рај ќе има! - нашата пушка слуша, па се замисли. Во право е гласот, заклучи. Но, нешто не штима, некаде меѓу кауза и дело како да се губи рима.

- Како така, зар не сме тука заради молчење? Како сега наеднаш, во глас да се смениме!? - довикна збунето таа.

Водачот ја погледна, па на другите им викна: - Ете кој не се грижи за нашиот рај, слабак кој в човечка рака би пукал. Ете ви за вежбање мета, неверник на кого не може да се смета. Сега, сите заедно, пукај, за да има рај!

# Мав?

Ова е приказна за еден слон. Тој слон бил дебел како балон и тромав како мав. Така си одел и по пат викал: - Јас сум мав!

Го пресретнал глушецот и го прашал: - Што е мав? - Слонот застанал, па се замислил. Мислел, мислел, но не му текнувало, па кажал: - Да го прашаме писателот, тој мора да знае, зашто оваа приказна негова е.

Така заедно тргнале и писателот под едно дрво го нашле, како седи и во ладовината си мези. - Што е мав? - го прашале во еден глас, а писателот се насмевнал, па кажал: - Е, ајде де! Од кај да знам пак јас!? Така ми дојде, па низ ракав на хартија отиде!

Слонот се налутил, па викнал: - Како така!? Кога веќе морам да зборувам, зарем глупости да тропам! - И, трас! Го смачкал писателот со нога и заедно со глушецот си заминале дома.

# Поема на тема



# Време: годишно

## ЕСЕН

### Едначење по звучност

Капки по олуците: туб-туп. Часовникот: тиг-тик. Мисли во главата: крѕ, крц. Пенкало по хартијата: шкрд, шкрт!

### Танцот на ветрот

На прозор застанувам и гледам ветрот како тенки дрвја витка. Каква битка! Жолти лисја насекаде фрчат, гранки крцкаат, а тие танцуваат, не се даваат лесно. Нека дува бесно!

## ЗИМА

### Поема во зима

Поетот чекори, но траги во снегот не остава. Толпа се собира и се чуди. И тие сакаат нозете да не им мрзнат. Но, ќе мрзнат!

### Маката на глувчето

Ветерче дувна. Грмушката шушна и снегот од неа на земја тресна. Глувчето се штрекна, а потоа здивна. Си помисли мачка била, а тоа ветре дувкало, со глувчето си поигрувало.

## ПРОЛЕТ

### Васил над книга, а сонце го вика

Вода тој пивна и свежо издивна. Цигара вдиша и издиша. Се загледа надвор и воздивна. - Наука учам, неврони грчам, наместо да трчам и образи да печам. - си помисли Васил и се растажи.

### Случка со еден пар во парк

Ден. Парк. Клупа. Заљубен пар. Старец скитник поминува и пари им бара. - Што ќе ти се пари клети, покрај сонцето што свети!? - Старецот горе погледнува и облаци здогледува.

# ЛЕТО

## Случка во ноќта

Жешка ноќ. Тап молк. Чиниш, спие сè, кога некој вика - Луѓе, помагајте! - Некој друг од тука минува и уши затнува. „Ништо не се слуша,“ помислува и улица поминува, каде кола го прегазува. - Свирев, нели!?- возачот вика и заслепен од забите бели на асфалтот растурени, очите ги затвора и продолжува.

## Гад од град

Река. Сонце пече. Циганчињата - шлап! Во реката - плас! Викаат и се смеат на цел глас. - Лесно ви е вам! - минувач помислува. А Сонцето: Бум! Трас! По неговата глава мава

# Место: град

## ПАРК

Парк. Колички фрчат. Родители по нив трчаат. Во нив детски лица занесени. Пола метро над земјата, а каков мотор во душата!

- Лево-десно. Лево-десно. Возам бесно! Вртам кружно и полукружно. Не кочам и... - Трас! Каков ас!

- Возам како да нема крај, но застанува количката, леле, ај! - Стискај на гаста, стискај!

Едно мало, плаво, исплашено. Седнува и вика: - Не знам! - Едно нежно.

Едно малку поголемо, палаво, станува и вози од висина.

Трас! Во првото дрво. Трча мајката, синчето го бакнува. - Зарем тука!? Продолжувам!

- Каков маневар правам! Меѓу дете и човек, растам!

Дар-мар-судар! И нема карање, не.

Круг. Елипса. Цик-цак. И пак!

## УЛИЦА

**Една равенка:** Автомобилска ширина плус апсолутна брзина врз густина улична плус лента тесна еднакво на - ако можеш реши ја!

**И понекоја случка:** Еден брза, друг во мрза, за трет полза. Еден груб сите ги става на куп. Еден стар вози како да е на кеј. Позади него нервозна толпа вика - Побрзо! Еј!

**Или слика:** Забавни паркови за возрасни; лица намуртени во колички шарени. Како бубашваби, брзаат, но не бегаат од светлото, туку да го фатат сакаат. Пешак и кола, како мува и пајак. Пајакот чека некоја слепа да проголта.

**И мачна бука, мака бучна:** Бип-бип! - Мрдни! Губам миг! - Свир, свир!! Во стомакот чир. Вруум! - Силен сум! - Вруум!.. Бум!!

# Некои луѓе, измислени или не?







# Прим-пра-та-прам-там-та-ам... Прррр...

**Гласот** (понизно): Примете нѐ во возрасните, јас и мојот глас ве молиме!

**Другите**: (заедно): Право пред себе дал’ гледаш, политика ил’ пари сакаш, свој став да наметнеш?

**Гласот** (одлучно): Така ќе биде!

**Еден од другите:** Прамен коса исечете му, па над уста залепете му.

**Гласот** (бунтовно): Таман! Над усна зарем, аман!?

**Другите** (заедно): Та, не на чело, зар!?

**Гласот** (вика): Там’ сакам!

**Еден од другите:** Прррр... аво да ти кажам, ај уште некоја година да помине, па ако прифатиш мустаќ над усна да носиш и сѐ друго по ред како што оди, како што треба и како што правиме сите ние, тогаш ќе те примиме.

# Три.ги.там.пи.го

**Раскажувачот**: Види небо, горе небо. Види долу, земја долу. Види меѓу, нешто меѓу. И таму и тука има сè и сешто. Смисли нешто, било што, ќе го најдеме веднаш, макар и во најскриена дупка да се криело.

**Човекот**: Сакам тригитампиго!

**Раскажувачот**: Ете ти го.

# Па?!

Си бил еден А, кој брзајќи на работа се судрил со еден П. Првиот изненадено викнал: „П!“, а вториот зачудено: „А?“

# Како еден човек се прокоцка

**Насмеано дете**: Каква топка! Игра, рипка, цуп-туп, тупка!
**Намуртен човек**: Каква топка!? Недоволно топчеста!
Во тој миг од небото долета коцка и го однесе човекот.

**Во светот на коцките:**
**Испорачателот на коцките**: Нова пратка, кралу на коцките.
**Кралот на коцките**: Носи го на коцкаматски со другите.
**Испорачателот на коцките**: Да, кралу голем наш, како коцкаведаш!

**На коцкаматски:**
**Коцкастиот лекар**: Гледај право
**Коцкастиот човек**: (гледа)
**Коцкастиот лекар**: Зборувај!
**Коцкастиот човек**: Коц... Коцка!
**Коцкастиот лекар**: Смеј се!
**Коцкастиот човек**: (не мрда)
**Коцкастиот лекар**: Мисли!
**Коцкастиот човек**: (не мисли)
**Коцкастиот лекар**: (на испорачателот) Добар е.
И би така добра коцка.

# Антипод

- Барам значење! - рече поетот, меѓу залак леб и месо сечење. Ножот и вилушката се намуртија, лажицата се прозевна, чинијата крцна и се распрсна.

- Вкусна мисла, ако не занесна! - Масата се затресе, столицата пукна и поетот на подот тресна.

- На под! По под! Под под!? Подно дно? Мисла антиподна! - поетот викна, а во него бездна.

# Човек со неодлучна боја

Ќе ви раскажам приказна за еден човек. Тој беше црнец прав, иако всушност беше кафеав. Но, кога ќе помислам сега, некако жолтеникав ми се гледа. Не, тој дефинитивно беше зелен, иако имаше некаков црвеникав тен. Најверојатно зашто цел беше црвен, освен што ушите, па и лицето му беа сини, а и телото цело, потполно бело. Е, тој портокалов човек излезе еден ден надвор и сè му се виде виолетово и затоа реши дома да се врати. И се врати. Толку.

# Антиприказна

Оган вода гаси. Трева крава пасе. Нога човек оди. Мисла се мисли. - помисли еден Денко ден. Тој Денко убав беше и посака да се исонча Сонце. Излезе така Сонце надвор на Денко и се сонча да се соблече. Му касна оса рака, па го долета, а тој дома одлета. Огледало се гледа во Денко, а тој во него и наеднаш се разбуди, па за рака се фати:

- Болката не опстои, зашто само мислата постои, а јас постојам зашто мислам, затоа одлучувам болката да ја негирам! - рече Денко и така би, зашто така помисли.

# Неприказна

Писателот реши приказна да напише, но ни хартија ни пенкало не најде. Бара по собата тој, но во неа нема ништо, освен него и друг никој. Така одлучува со ноктите вена да си исече, па со крв по ѕидови приказна да напише. Тој сече, ама крв не тече, ниту раката го пече, зашто ја снема, а ни ѕид никаде нема, наоколу само празнина. Го фати писателот дилема и таман глава да го заболи, кога сфати дека ништо на рамена не му тежи. Сака да вика, ама не трепери ни гласна жица. Помисли да бега, ама како, кога нозете му ги нема. Така остана и приказна стана.


Судбини
слични
а
личнос-
ти
различ-
ни

# Како на Данил животот му се замрсил

Еден ден Данил излегол да се прошета и го сретнал Данил.

- Тоа сум јас! - заклучил првиот.

- Не, тоа сум јас! - одговорил другиот.

Тука расправа и тепачка настанала, толпа се собрала, па дури и полиција на крај ги разделила, толпата ја растерала, а нив дома ги пратила. Оттогаш Данил уште неколку пати го сретнал Данил, а и Данил, Данил, никој не застанал, туку по патот си продолжил, но во себе ептен се растревожил.

Така животот на четворицата им се замрсил.

# Кој чиј нос носи

Еден Бос изгубил нос. Го барал насекаде, но не го нашол никаде. Се испаничил, па седнал и заплакал. Оттука Роб поминувал, па што го мачи го прашал. Кога дознал дека Бос изгубил нос, својот му го подарил, само овој да не тажел. Утредента, кога на работа Бос стигнал како по обичај носот си го дигнал. Кога - чудо! Никој не го фермал, туку само се потсмевнувал. „Што не чини?“ Бос се запрашал, па во огледало се погледнал. Дигнал глава горе, кога носот му се спуштил доле.

- Каков нос, што гледа во патос, како да сум Лос, а не Бос! - крикнал Лос. Во меѓувреме Роб го нашол носот на Бос, па си го ставил и станал Сноб. Кој и другар да пресретнувал, веднаш помислувал: „Не се тие во мојата лига, види како носот ми се дига!“ Така било и така останало, сѐ додека Лос не го сретнал Сноб, па се степале и носевите си ги откорнале, кога наеднаш сфатиле дека веќе не ги разликувале. Така збунето некое време стоеле, секој в рака држејќи го својот (или туѓ) нос, па на место си ги вратиле и се разотишле. Но, ете и ден денес сеуште не се знае кој чиј нос носи.

# Во сон нема бонтон

Том се претна од сон. Излезе од својот дом и погледна убаво он. Наоколу сè нешто врви, летка и шушка. Кога, наеднаш, одзади некој го фаќа, па го гушка. Том рипа, гледа, мисли, не ја познава таа слика.

- Јас сум, Рон! - вика он.

- Ти не си Рон, ти си коњ! - Том вика и од нервоза пука.

- Не сме се виделе долго, знам, но ти си истиот Том, од мојот сон, а јас сум Рон од твојот сон. - одговара Рон.

- Не, ти си глупсон, ти си коњ што каска, ти фали во главата даска, ти си тралалајка! - се развика Том, на што се штрекна Рон, па дома тргна и да спие легна. Спие така Рон и го сонува Том. - Ти си балон, глупав слон еден, деген! - му вика на Том, а овој се намурти, па дома се упати, легна и заспа. „Сега ќе го сонувам Рон, па ќе види он," си вика Том. Кога во сон, наместо Рон, ете ти го Том, лично он, па убаво го тресна Том, кој пак од болка се свитка и од сон се претна. В паника надвор истрча Том и погледна убаво он, кога таму сè нешто куцка, пецка и во уво го ѕврцка.

# Јади, пиј, убаво спиј

- Што е сон? - ме праша пред некој ден еден морон. Всушност и не беше морон, зашто се интересира за сон, а јас испаднав тоа што мислев дека е он. Мислев и мислев што да му одговорам, но ништо не смислив, па така приказна да му раскажам решив, зашто таа подобро од мене знае сон што е.

- Познавав една девојка што од некоја причина мислеше дека е дебела. Затоа реши таа на диета да се стави, да се испости и да ослаби. Помина ден-два, тешка мака ја спопадна. И се јаде сè, дури и тоа што порано не би го јадела, не. Ама, убавината од гладта побитна ѝ е, на јаве... но што сонила?

Сонила таа како дома седи пред трпеза полна, стомакот ѝ кркори, а во главата дилема: „Да се јаде или не?“ мислела, па си кажала: „И така сон сонувам, па барем да се најадам.“ Така седнала, па од сè си замезила. Кога се најала, се разбудила и со диетата без проблеми продолжила.

Тоа му го раскажав на човекот тој, а дал разбрал или не, проблем не е мој.

# Горостасниот Горан

Познавав еден бик, страшен лик. Всушност тој човек беше, и Горан се викаше. Низ него не можеше со збор да поминеш, а ни со тупаница да пробиеш. Како силна река сè пред себе рушеше и низ нос како вистински бик фрчеше. Голем како непроодна гора, страшен како ноќна мора.

Но, ете, еден ден снагата му секна, чиниш во полжав или црв се стори, се свитка како векна. Сила нема да зборува, а камоли да приговара. А другите, од смеа се кинат, со зборови го мачат и исмеваат. - Конечно дојде меѓу нас! - ликуваат тие гадови, уште на цел глас!

# Владо, што сакал чоколадо

Си бил еден Владо што сакал чоколадо. Сакал цел ден да лежи и замислено да мези. Еден ден чоколадо му снемало, па до продавница веднаш да се тркнело. Внатре влегол и до чоколадите отишол, кога таму чудо: на нивно место нешто друго. Паника го фатила, до солзи го довела. Една продавачка за ракав фатил и за чоколадите ја прашал. - Чоколадо, што е тоа!? - прашала таа, а Владо крикнал и од таму во паника истрчал.

- Што се случува!? Светот полудува! - викнал Владо и во пот се разбудил сиот.  - Каква ноќна мора! Чоколадо да си купам мора! - рекол и до продавница излегол. На пол пат некое дете го сопрело, и тоа до продавница тркнало, па се изгубило. Но, за тоа друг пат, зашто на Владо веќе не му се раскажувало, туку нешто друго му се правело. Кој погоди што (сакал да прави Владо) ќе добие...

# Како Светко стана Мирко

Еден ден до продавница тргнал Светко, зашто мајка му го пратила да купи млеко. Излегол Светко, но на пола пат застанал. Парите му ги снемало. Барал по џебовите, дребулии наоѓал, но пари никаде немало. Се свртел Светко дома да си оди. Чекорел така долго време, кога му светнало дека помалку инаку до дома му требало. Думал, пустел, прашувал, но домот никаде не го нашол. Така се изморил и на клупа во паркот си заспал.

Наеднаш рипнал, од кучешки лаеж се претнал. Веќе ноќ станало и нему му светнало. На патот се сетил и дома тргнал. Кога стигнал на мајка му се извинил и рекол дека се изгубил, а патем и парите ги испуштил. Мајка му се насмеала и рекла: - Пусти Светко, пусто името ти било. А со колкав мерак ти го дадов! Си реков свет ќе види, ќе му се осветли видот. Ти ли во свет ќе одиш, а ни куќата не можеш да си ја најдеш. Смотко да те наречев, подобро ќе сторев! - Кога тоа го слушнал Светко се налутил и името во Мирко да си го смени одлучил. И така направил.

# Еден Јан

Си бил еден Јан, многу образован. И начитан бил Јан. Интелигентен, но глупаво вообразен. Затоа никој не го сакал, колку учтив и да бил. Се разбудил еден ден и се почувствувал беден, па си кажал:

- Делам памет на кило, а тоа никому битно не му било. Наместо тоа, ме презираат и во себе пцујат. А би лаеле на мене! Ќе се сменам, тоа ќе направам! - Другите тој ги слушал, со глава климал и ако не се сложувал, само молчел. Така останало, сè додека Јан ненадејно не го снемало.

Години поминале и сите го заборавиле, и јас за него не ќе пишував, ова да не го слушнев: Јан го виделе, таму некаде во паркот бил. Кучиња го бркале, а тој како без глава во непознат правец се упатил.

# Најдо белјата го снајде

Си бил еден Најдо што добар бил, но ништо немал. Така во дилема се нашол: - Што вреди добар да бидеш, кога само ќе колнеш! Оној лош бил, а сè имал. Овој лажел, оној крадел, а никој не ги кудел. Другарите од школо учењето што не го сакаа, сега нив парата ги сака. Што биваше да учам, школи, факултети да завршувам. Требаше лош да бидам, да лажам и крадам. Не можам вака веќе, и јас лош ќе бидам, ќе лажам, ќе крадам и сè ќе имам!

И така би. Но, не беше баш така, а беше вака:

Си бил еден Најдо што мислел дека е добар и сметал дека ништо немал. Така одлучил да има повеќе, а да биде добар помалку. И така би приближно, а точно вака беше:

Си бил еден Најдо што сретнал еден Среќко, па му ја земал среќата, а му ја натоварил белјата. Така би, ама ич не беше така, туку вака:

Си бил еден слон, а до него еден балон. Слонот помислил дека се работи за негов клон, па од среќа пукнал. Е, така беше и доста веќе!



# Белешка за авторот

**Бранко Прља** е роден во Сараево во 1977 година. Од 1990 година живее во Скопје. Работи како графички дизајнер и текстописец.

Основач е на првиот електронски конкурс за литература во Македонија, *Електролит* и на креативниот колектив *Кайка*. Има објавувано во земјава и во странство.

**Досега објавено:**
*Досие: Ѕвезда Немезис*, 2011
*Вест од Несвест*, 2010
*Досие: Планета Икс*, 2009
*Вести од подрумот на баба ми*, 2007
*Парите се отепувачка*, 2006
*Вести во земјата на чудата*, 2005
*За секого по нешто, за некого ништо*, 2003

**контакт:**
brankoprlja@gmail.com

Издавачка куќа Готен
contact@gotenpublishing.com
www.gotenpublishing.com

Графичко уредување и дизајн: КАПКА дизајн
Илустрации: Бранко Прља

CIP - Каталогизација во публикација; Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-32
**ПРЉА, Бранко**
За секого по нешто, за некого ништо / [автор и илустрации] Бранко Прља. - [2. изд.]. - Скопје : Готен, 2011. - 64 стр. : илустр. ; 11 **см**

ISBN 978-608-4625-10-0
COBISS.MK-ID 90052106